# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
# на
# Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје
# 2015 година

____

## ANNUAL REPORT
## of
## Stronger Together,
## Association for Support of People Living with HIV in Macedonia
## 2015

Скопје, 2016

## Содржина

За ЗАЕДНО ПОСИЛНИ ..... 3
Резиме на клучните постигнувања во 2015 година ..... 4
Увод ..... 8
1. УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА, ХИВ-ТЕСТИРАЊЕ и ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ..... 8
Врсничко советување ..... 8
Работилници за лица со ХИВ и членови на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ ..... 9
Правна поддршка ..... 10
Социјална помош ..... 11
Обука за комуникација и градење на тимскиот дух ..... 11
Обука за сензитивизација на здравствени работници ..... 11
Доброволно советување и тестирање за ХИВ ..... 12
2. ЗАСТАПУВАЊЕ И УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕ НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ..... 12
Осврт на активностите и постигнувањата ..... 12
Истражување на знаења, ставови и практики помеѓу здравствени работници ..... 14
3. ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ХИВ ..... 14
Годишна кампања по повод Светскиот ден на СИДА ..... 14
Вклученост на членовите и управување на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ ..... 16
About Stronger Together ..... 17
Summary of key achievements in 2015 ..... 18

## За ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ е организација на заедницата на луѓето што живеат со ХИВ во Македонија и нивните блиски поддржувачи. Тоа е единствено здружение од овој вид во Република Македонија, чија целна група, корисници и главен конституент се самите луѓе што живеат со ХИВ.

**Визија**

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ се води од визијата за општество во кое луѓето што живеат со ХИВ имаат достоинствен и исполнет живот, ослободени од стегите на стигмата и дискриминацијата и во кое имаат непречен пристап до сеопфатна здравствена грижа, лекување и терапија во врска со ХИВ, како и во врска со други здравствени состојби, во согласност со најсовремените достигнувања на науката.

**Мисија**

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ дејствува за зајакнување на луѓето што живеат со ХИВ како рамноправни членови на општеството, за почитување на нивното достоинство и за остварување на нивните здравствени и човекови права.

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ посебно се залага за континуиран пристап до современа антиретровирусна терапија и сеопфатен третман за ХИВ и за состојби поврзани или неповрзани со ХИВ, во согласност со најсовремените достигнувања на науката.

**Нашите активности**

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ обезбедува психосоцијална, врсничка, правна и други видови поддршка за луѓето што живеат со ХИВ во Македонија. Како Здружение даваме активен придонес во креирањето и спроведувањето на јавните политики поврзани со обезбедувањето на квалитетна и современа терапија за ХИВ, подобра здравствена грижа, и превенција на ХИВ, како и на политиките поврзани со јавното здравје и здравствената заштита воопшто. Посебно се застапуваме за поголема достапност на животоспасувачки лекови во Република Македонија. Работиме на подигнување на јавната свесност за ХИВ и за доброволното советување и тестирање за ХИВ во Македонија, како и на намалување на предрасудите и дискриминацијата врз основа на здравствената состојба. Исто така, нудиме обуки и вршиме едукација за ХИВ на професионалци и заинтересирани лица од различни области: обуки за здравствени работници, обуки за вработени, едукации за превенција итн.

Во остварувањето на својата мисија ЗАЕДНО ПОСИЛНИ гради партнерства со граѓанскиот сектор, институциите, локалната самоуправа и бизнис-секторот.

## Резиме на клучните постигнувања во 2015

Делувањето на Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје во 2015 година се одвиваше во трите основни области:

(1) Услуги и градење капацитети
- Поддршка и јакнење на заедницата на луѓето со ХИВ
- Услуги за ХИВ-тестирање
- Едукација на здравствени работници

(2) Застапување и учество во креирање на јавни политики
(3) Подигнување на јавната свесност

Во однос на 2014 година, нов сегмент во нашата дејност беше давањето услуги за доброволно ХИВ-тестирање и советување (ДСТ) фокусирано кон групите изложени на најголем ризик од ХИВ, преку партнерско вклучување во националната програма за ДСТ раководена од Здружението ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување во соработка со Институтот за јавно здравје и Министерството за здравство.

### 1. УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА, ХИВ-ТЕСТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ

#### Поддршка и јакнење на заедницата на луѓето со ХИВ

- Дадени **вкупно 38 услуги на врсничко советување**
- **Опфатени** вкупно **18 различни клиенти** од кои 11 се нови во однос на 2014
- Одржани 5 социотерапевтски групи и 3 работилници за сите членови на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, вклучително и една со истакнатиот специјалист за ХИВ од **Болницата Royal Free во Лондон, д-р Мајк Јоул,** која ги опфати темите одржување на добро здравје кај лицата со ХИВ и избегнување на ризикот од појава на резистентост на вирусот кон лековите;
- Една работилница за унапредување на комуникациските вештини и тимскиот дух (19 септември, Крушево);
- Следени и спроведени акции за правна поддршка во врска со 5 случаи на дискриминација и прекршување на права на лица што живеат со ХИВ;

- Доделени **социјални ваучери за 17 лица со ХИВ кои живеат во неповолна економска состојба во текот на 12 месеци.** Дополнително, за социјално најзагрозените пациенти покривме патни трошоци до Скопје и до Клиниката за инфективни болести за вршење на редовна или вонредна здравствена контрола и подигнување на терапијата. На едно лице беше доделена еднократна парична помош поради социјален ризик и немање на осоновни средства за егзистенција.

**Доброволно советување и тестирање за ХИВ.** ЗАЕДНО ПОСИЛНИ започна да нуди услуги за ДСТ од почетокот на март со вклучување во програмата за теренско ДСТ со една смена неделно, а од ноември започна и со тестирање во своите простории 2 пати во неделата.

- Се одржаа **21 теренски смени од кои 6 дупли и 9 смени во стационарот за тестирање**
- Опфатени беа **143 клиенти** на терен и **26 клиенти** со стационарно тестирање, главно од популацијата на мажи што имаат секс со мажи и сексуални работници.

Додадена вредност на нашите услуги за ДСТ е можноста за директно поврзување со услугите за врсничка поддршка и врсничко советување за луѓето со ХИВ, во случај на потврдување на ХИВ-дијагноза кај некои од клиентите.

**Едукација на здравствени работници.** Одржана беше една обука за сензитивизација на здравствени работници – среден медицински персонал (11-12 декември, 2015) на тема *ХИВ-инфекцијата денес: превенција, професионален ризик, профилакса и третман (работилница за медицински сестри/техничари).* Обуката ја следеа 18 учесници од 14 јавни и приватни установи.

## 2. ЗАСТАПУВАЊЕ И УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕ НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

- Испратени беа **8 официјални дописи**
- Објавено **едно соопштение до медиумите**
- Остварени **7 состаноци со одговорни донесувачи на одлуки во надлежните институции**
- **Учество на повеќе од 13 работни состаноци** на комисии, тела и работни групи во рамки на националниот одговор на ХИВ, на **една прес-конференција** и **една јавна расправа во Комисијата за здравство при Собранието на Република Македонија**
- **Објавен беше информаторот ПРИСТАП ДО ТЕРАПИЈА** – извештај подготвен од пациентите – кој направи краток осврт на Програмата за ХИВ за 2015 година, при што беа потенцирани предизвиците во врска со буџетирањето на средства за терапија за 2015 година имајќи го предвид континуираниот пораст на бројот на новооткриени случаи на ХИВ.

Беа постигнати повеќе резултати и беше извршено влијание/даден придонес во:

(1) набавките на антиретровирусни лекови и разрешувањето на алармантна ситуација;
(2) обезбедувањето на континуитет во спроведувањето на тестови за следење на ХИВ инфекцијата;
(3) воведувањето на нови лабораториски постапки во праксата на лекување на ЛЖХИВ со цел да се воведат нови и подобри тераписки можности наместо постари и полоши;
(4) ревизијата на програмите за ХИВ од СЗО;
(5) спроведувањето на алатката ОПТИМА за моделирање на прогноза на епидемијата;
(6) конципирањето на Програмата за ХИВ за 2016 со вклучување на конкретни активности за граѓанските организации насочени на целните групи;
(7) издигнувањето на прашањето за одржливост на повисоко ниво во јавноста и во законодавниот дом на РМ;
(8) изготвувањето на нацрт-стратегија за ХИВ на Град Скопје;

По барање до Секторот за превентивна заштита во Министерството за здравство, беа обезбедени вакцини против хепатит Б за трета двојна доза за околу 50 пациенти со ХИВ, кои имунизацијата ја имаа почнато во 2014 година.

### Истражување на знаења, ставови и практики (КАР) во врска со ХИВ помеѓу здравствени работници

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ спроведе истражување на знаења, ставови и практики во врска со ХИВ кај среден медицински персонал во јавни и приватни секундарни и терциерни здравствени установи. Беа опфатени над 350 испитаници од 13 различни установи. Истражувањето покажа висок степен на стигма и значително отсуство на точни информации за начините на пренос на вирусот, односно ризикот од професионално изложување на ХИВ и достапноста на соодветна профилакса за здравствените работници. Наодите од истражувањето упатуваат на потребата од повеќе едукација на средниот медицински персонал, како и сензитивизација за работа со лица што живеат со ХИВ. Исто така, тоа ни даде насоки и во однос на понатамошното програмско планирање на активности наменети за едукација и сензитивизација на здравствените работници.

## 3. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ

Во 2015 ЗАЕДНО ПОСИЛНИ спроведе кампања по повод Светскиот ден на СИДА, насочена на пошироката јавност под мотото **„Сите сме дел од промената“**. Кампањата се состоеше од следните елементи:

- социјален експеримент и продукција на видео-спот за вирална дистрибуција
- активности на социјалните медиуми на интернет

- добротворен настан – тивка аукција на уметнички дела
- ПР активности на традиционалните медиуми.

Кампањата имаше особено широк опфат на социјалните мрежи благодарение на виралното споделување на видео-спотот како нејзин главен елемент. Покрај подигнувањето на свесноста, Здружението по четврти пат организираше и добротворен настан за собирање средства за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ. Ова се дел од позначајните постигнувања на кампањата:

- Гледаноста на видео-спотот на Youtube уште во првите 3 дена надмина 35.000 прегледи, додека на Facebook (локално и во неколку избрани странски држави) – бројката изнесуваше повеќе од 400.000 онлајн прегледи во текот на целата кампања;

- На тивката аукција на уметнички дела – свои дела донираа македонските уметници Симон Калајџиев, Иван Петрушевски – Флим, Нина Симовска, Мима Пејоска, Велимир Жерновски, Дороти Пачкова, Марјан Арсовски, Јадранка Митева Милчовска, Петар Петков и Снежана Ѓоргиевска;

- На добротворниот настан беа **собрани 232.310,00 денари** за поддршка на лицата со ХИВ во Македонија и активностите на Здружението:

Кампањата беше овозможена со скромни средства од УНФПА и Меѓународната федерација за планирано родителство.

# Увод

Делувањето на Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје и во 2015 година се одвиваше во трите основни области:

(1) Услуги и градење капацитети
- Поддршка и јакнење на заедницата на луѓето со ХИВ
- Услуги за ХИВ-тестирање
- Едукација на здравствени работници

(2) Застапување и учество во креирање на јавни политики
(3) Подигнување на јавната свесност

Во однос на 2014 година, нов сегмент во нашата дејност беше давањето услуги за доброволно ХИВ-тестирање и советување (ДСТ) фокусирано групите изложени на најголем ризик од ХИВ, преку партнерско вклучување во програмата за ДСТ раководена од Здружението ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување во соработка со Институтот за јавно здравје и Министерствтото за здравство.

Годишниот извештај за работата за 2015 година го покрива целокупното програмско делување на Здружението, како и нашето внатрешно управување како граѓанска организација на заедницата на луѓето што живеат со ХИВ и нивните блиски поддржувачи.

## 1. УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА, ХИВ-ТЕСТИРАЊЕ и ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ

### Врсничко советување

Во текот на 2015 година во просториите на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ се одржуваа редовни смени (еден ден во неделата) за врсничка поддршка – советување од страна на искусни и обучени лица со ХИВ. Во оваа активност беа вклучени 3 советувачи, членови на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ. Беа одржани **43 редовни смени** и **12 вонредни**. Вонредните смени се случија по барање на клиент, кој не бил во состојба да дојде во редовните термини.

Во 2015 година беа дадени **вкупно 38 услуги**, а **опфатени** беа вкупно **18 различни клиенти** од кои 11 беа нови во однос на 2014. Во 2015, 28 советувања се

случиле како разговор лице во лице, 7 телефонски, а 3 по електронски пат. Најчести теми за кои се разговараше со корисниците на услугата беа:

- Основни информации за ХИВ и СИДА
- Начини на пренос на ХИВ
- Начини на заштита
- Основни информации за АРТ и важноста на доследно придржување до режимот на лекување
- Редовни контроли и тестови за следење на инфекцијата
- Начин на живот со ХИВ
- Физичка активност, работа и спортување
- Сексуални и интимни односи
- Информации за активностите на здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и можности за вклучување

Поголемиот дел од клиентите што беа советувани беа охрабрени да се приклучат како членови во Здружението.

### Работилници за лица со ХИВ и членови на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

Во 2015 година се одржаа 5 социотерапевтски групи за лица со ХИВ, како и 3 работилници за сите членови на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ. На две од работилиците беа презентирани искуствата од студиските посети остварени во октомври и во декември во соработка со организацијата HUHIV – Hrvatska udruga za borbu protiv HIV-a i virusnog hepatitisa од Загреб, Хрватска. Во рамките на овие посети два претставника на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ имаа можност детално да се запознаат со начинот на функционирање на центарот за советување и тестирање за ХИВ и хепатит познат како Zagreb CheckPoint, а исто така остварија и состаноци со претставници на Градот Загреб, како и со стручниот тим кој работи на ХИВ и хепатит при Клиниката за инфективни болести „Д-р Фран Михаљевиќ“. На друга работилница беше пренесено искуството од студиската посета на Центарот за превенција и тестирање за ХИВ во Солун – Thess Checkpoint, која се случи во април 2015 година. Овие искуства беа од особено значење за градењето капацитети на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ од причина што од 2015 година и нашата организација започна да нуди услуги за доброволно и доверливо советување и тестирање.

**Работилница со д-р Мајк Јоул од Болницата Royal Free од Лондон.** На 17 јуни 2015 година се одржа еднодневна работилница за лица што живеат со ХИВ, која имавме чест да ја води истакнатиот д-р Мајк Јоул од Болницата Royal Free од Лондон, Велика Британија. Д-р Јоул се осврна на најважните аспекти за одржување на добро здравје кај лицата со ХИВ, особено на прашања поврзани со физичката активност, најсоодветните видови телесна вежба и проблемот на пушењето. Сепак, како главен фокус на работилницата беа дискутирани важни аспекти на терапијата и лекувањето на ХИВ, беше направена анализа на палетата на достапни тераписки опции во Македонија и споредба со стандардот во Англија. Во врска со ова беше заклучено дека во најголем дел изборот на лекови што се најзастапени во лекувањето е сличен со оној во Англија со исклучок на

еден лек (zidovudine) чија употреба е препорачливо да се напушти или значително да се намали, како и неколку лека чија употреба е пожелно да се воведе или зголеми. Посебно внимание на работилницата беше посветено на резистентноста што вирусот може да ја развие кон антиретровирусните лекови и важноста на придржувањето кон терапијата, како и на специфични несакани ефекти од некои лекови на кои треба да се внимава. Од особена корист за учесниците беше можноста да поставуваат индивидуални прашања и да добијат мислење од светски истакнат специјалист за ХИВ. Меѓу другото, работилницата произведе и заклучоци за тоа во која насока би требало да се менува националниот пристап во лекувањето со цел да се овозможи подобар квалитет на живот за луѓето со ХИВ.

### Правна поддршка

Во рамките на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и понатаму се нудеше правна помош за лицата што живеат со ХИВ во вид на изготвување претставки, барања, тужби, жалби и останати правни акти за клиентите, пополнување документи, обрасци, формулари и други писмена, упатување на клиентите до соодветни институции, усно советување на клиентите за конкретна правна работа. Правниот советник е на располагање по договор преку социјалниот работник на Клиниката, преку врсничките советувачи или извршната канцеларија.

Во врска со еден посериозен случај на дискриминација извршена со низа на постапки во Општата болница во Охрид, продолжена беше кореспонденција со надлежните установи и беше добиен одговор од Народниот правобранител со кој се констатира постоење на дискриминација врз основа на здравствена состојба. Народниот правобранител исто така испрати препорака до установата прекршител.

Понатаму, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ реагираше до Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во врска со оглас од Правниот факултет со кој на странските студенти им се бара потврда за направен тест за ХИВ и за хепатит Ц, на што беше добиен одговор дека таквиот документ не е во листата на потребни документи за упис. За случајот ќе бидат преземени следни чекори.

Беа следени 2 незатворени случаи започнати во претходниот период, а за еден клиент кој се соочи со отказ на работно место поради боледување, како и прекин на здравственото осигурување, беше покрената правна акција, при што случајот резултираше со позитивен исход за клиентот.

Исто така беше изработена една жалба по негативно решение на Центарот за социјална работа, со кое на клиент му се укинува правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. До крајот на годината сè уште се очекуваше одговор по поднесената жалба.

### Социјална помош

Во делот на психосоцијална поддршка за луѓето што живеат со ХИВ беа доделени **социјални ваучери за 17 социјално загрозени лица**, од кои тројца нововклучени. Поради социјален ризик и немање на осоновни средства за егзистенција кај еден клиент беше доделена и еднократна парична помош од ЗАЕДНО ПОСИЛНИ. По повод новогодишните празници Здружението додели новогодишни пакетчиња за 6 деца од социјално загрозени семејства чии членови се засегнати со ХИВ.

### Обука за комуникација и градење на тимскиот дух

На 19 септември во Крушево се одржа обука за унапредување на комуникациските вештини и тимскиот дух за сите членови на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ. Обуката имаше цел членови на Здружението да стекнат одредени практични вештини на комуникација, асертивност, слушање на потребите на другите и поттикнување на тимскиот дух во здружението. Практичните работилници беа особено високо оценети од учесниците.

### Обука за сензитивизација на здравствени работници

На 11-12 декември, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ одржа обука за сензитивизација на здравствени работници – среден медицински персонал, под наслов *ХИВ-инфекцијата денес: превенција, професионален ризик, профилакса и третман (работилница за медицински сестри/техничари)*. Обуката беше конципирана врз основа на наодите од истражувањето на знаења, ставови и практики спроведено во изминатиот период. Обуката ја следеа вкупно 18 учесници од 14 јавни и приватни установи, а при изборот на учесниците се водеше сметка тие да имаат работни позиции од коишто можат да влијаат и на други здравствени работници од нивната установа.

За медицинскиот дел на обуката беше ангажиран лекар од ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, додека за темите специфични за работата на медицинските сестри презентација имаше одделенската сестра на одделот за ХИВ. За темите поврзани со социјалните аспекти и за спроведеното истражување помеѓу здравствени работници сесиите ги водеа психолог и социјален работник кои беа вклучени во истражувањето, а исто така се вклучени и во давање психосоцијална поддршка на лица што живеат со ХИВ.

Најголем дел од учесниците изјавија дека биле задоволни од содржините на обуката и квалитетот на презентациите, со тоа што истакнаа дека било потребно уште време за подлабоко разработување на темите. Тие, исто така, повеќепати посочија дека постои огромна потреба кај средниот медицински персонал од обуки на оваа тема.

### Доброволно советување и тестирање за ХИВ

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ започна да нуди услуги за доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ (ДСТ) од почетокот на март 2015 година, со вклучување во програмата за ДСТ раководена од Здружението ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување во соработка со Институтот за јавно здравје и Министерствтото за здравство. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ започна со остварување на една смена за ДСТ неделно, додека од ноември почна да функционира центарот за ДСТ во нашите простории (стационар), кој остваруваше 2 смени во неделата – секоја среда и сабота, од 17:00 до 20:00 часот. Здружението располага со сопствени обучени советувачи, а додадена вредност на нашите услуги за ДСТ е можноста за директно поврзување со услугите за врсничка поддршка и врсничко советување за луѓето со ХИВ, во случај на потврдување на ХИВ-дијагноза кај некои од клиентите. Во текот на целата година се одржаа **21 теренска смена од кои 6 беа дупли, како и 9 смени во стационарот за тестирање. Опфатени беа вкупно 143 клиенти со теренското ДСТ и 26 клиенти со стационарното тестирање**, главно од популацијата на мажи што имаат секс со мажи и сексуални работници.

## 2. ЗАСТАПУВАЊЕ И УЧЕСТВО ВО КРЕИРАЊЕ НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

### Осврт на активностите и постигнувањата

Еден од главните пристапи во остварувањето на мисијата на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ е токму осмисленото и стратешко застапување. Тоа подразбира наше активно учество и придонес во креирањето и спроведувањето на јавните политики поврзани со обезбедувањето на квалитетна и современа терапија за ХИВ, подобра здравствена грижа, и превенција на ХИВ, како и воопшто во политиките поврзани со јавното здравје и здравствената заштита. Исто така, застапувањето се остварува преку директни комуникации со донесувачи на одлуки и официјална писмена кореспонденција. Во смисла на поединечни конкретни акции, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во текот на годината испрати 8 официјални дописи, објави едно соопштение до медиумите, оствари 7 состаноци со одговорни донесувачи на одлуки во надлежните институции, учествуваше на повеќе од 13 работни состаноци на комисии, тела и работни групи во рамки на националниот одговор на ХИВ, на една прес-конференција и една јавна расправа во Комисијата за здравство при Собранието на Република Македонија.

Беа постигнати повеќе резултати и беше извршено влијание, односно даден придонес во: (1) набавките на антиретровирусни лекови и разрешувањето на алармантна непредвидена ситуација; (2) обезбедување на континуитет во спроведувањето на тестови за следење на ХИВ-инфекцијата; (3) воведување на нови

лабораториски постапки во праксата на лекување на ЛЖХИВ со цел да се воведат нови и подобри тераписки можности наместо постари и полоши; (4) ревизијата на програмите за ХИВ од страна на Светската здравствена организација; (5) спроведувањето на алатката ОПТИМА од страна на Светската банка и УНДП за математичко моделирање на прогнозите за ХИВ-епидемијата во зависност од инвестирањето во националниот одговор на ХИВ преку соодветните програми фокусирани за групите под најголем ризик; (6) конципирањето на Програмата за ХИВ за 2016 со вклучување на конкретни активности за граѓанските организации насочени на целните групи; (7) издигнување на прашањето за одржливост на програмите за ХИВ и за долгорочно и стабилно решение за обезбедувањето на антиретровирусна терапија на повисоко ниво во јавноста и во законодавниот дом на РМ; (8) изготвување на нацрт-стратегија за ХИВ на Град Скопје.

Меѓу позначајните конкретни акции на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и постигнати резултати во текот на 2015 година, може да се издвојат следниве:

- Во март 2015 беше објавен информаторот ***ПРИСТАП ДО ТЕРАПИЈА – извештај подготвен од пациентите***. Во ова издание беше направен краток осврт на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА за 2015 година, при што беа потенцирани предизвиците во врска со буџетирањето на средства за терапија за 2015 година, особено имајќи го предвид континуираниот пораст на бројот на новооткриени случаи на ХИВ.

- До ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во мај беа упатени забелешки кон тедерската документација за антиретровирусни лекови за набавката од 2015 година со цел да се изменат критериумите во тендерот во насока на тоа да се овозможи на јавната набавка да бидат понудени и нерегистрирани лекови. Со оглед на тоа што во Република Македонија досега се регистрирани само 7 антиретровирусни производи, а неопходни во лекувањето се најмалку 15 различни производи, оваа акција овозможи да се обезбедат сите неопходни лекови со годишната набавка.

- ЗАЕДНО ПОСИЛНИ имаше брза реакција до надлежните институции и медиумите во ноември 2015 година, откако дознавме дека дел од антиретровирусните лекови беше запленета во почетокот на октомври од страна на Царинската управа на Република Македонија под сомение дека се работи за фалсификувани лекови. Покрај барањата за брзо разрешување на ситуација, со цел да се спречи да дојде до прекин во терапијата кај одреден број пациенти, и предлозите за можни решенија до Клиниката за инфективни болести и Агенцијата за лекови, соопштение до јавноста (4.11.2015), ЗАЕДНО ПОСИЛНИ стави јасно до знаење дека сомнителната пратка на лекови е целосно неприфатлива за употреба во лекувањето на пациентите земајќи ја предвид констатацијата на Царинската управа дека бил менуван датумот на производство и рокот на траење на лековите. Ситуацијата заврши со решението на Агенцијата да ги забрани лековите за употреба и покрај тоа што анализите констатираа дека не станува збор за фалсификувани лекови врз основа на тоа што резултатите добиени од

анализите отстапуваа од спецификацијата за квалитет (ВЕСТ, 15.11.2015), додека носителот на набавката беше задолжен итно да обезбеди нови лекови.

- По барање упатено до Секторот за превентивна заштита во Министерството за здравство, обезбедени беа вакцини за хепатит Б за третата двојна доза за околу 50 пациенти со ХИВ-инфекција.

### Истражување на знаења, ставови и практики помеѓу здравствени работници

Во поддршка на активностите за застапување и програмското планирање за подигнување на свесноста кај здравствените работници, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ спроведе истражување на знаења, ставови и практики во врска со ХИВ помеѓу здравствени работници. Истражувањето се фокусираше на средниот медицински персонал во јавни и приватни секундарни и терциерни здравствени установи. Беа опфатени вкупно 350 испитаници, кои беа замолени да пополнат структуриран прашалник. Дополнително, квантитативниот дел беше поткрепен и со квалитативна анализа на податоци собрани преку 2 фокус-групи во кои учествуваа главни и одделенски сестри. Во двете групи беа опфатени вкупно 17 учесници од 13 различни установи. Истражувањето покажа висок степен на стигма, како и значително отсуство на точни информации за начините на пренос на вирусот, односно ризикот од професионално изложување на ХИВ и достапноста на соодветна профилакса за здравствените работници. Тоа ја покажа потребата од повеќе едукација на средниот медицински персонал, како и сензитивизација за работа со лица што живеат со ХИВ.

## 3. ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ХИВ

### Годишна кампања по повод Светскиот ден на СИДА

И во 2015 година ЗАЕДНО ПОСИЛНИ организираше активности за подигнување на јавната свесност во облик на мала кампања под мотото „Сите сме дел од промената“. Кампањата вклучуваше социјален експеримент и продукција на видео-спот за вирална дистрибуција, активности на социјалните медиуми на интернет, добротворен настан – аукција на уметнички дела и ПР активности на традиционалните медиуми.

**Социјален експеримент и видео-спот**. Концептот за видео-спотот беше базиран на самиот социјален експеримент спроведен на 13 и 14 ноември на 2 различни локации во Скопје. Герила-настанот се состоеше во снимање на реакциите на случајни купувачи кои купуваа кафе или сок во мала кафетерија, односно комбе кое нуди кафе на улица, во моментот кога купувачите се наведени да помислат дека лицето што ги служи можеби

има ХИВ. Прашањето кое сакавме да го одговориме беше – како ќе реагираат учесниците во ваква ситуација? На големо изненадување на тимот, учесниците во целост го поддржаа „ХИВ-позитивниот“ шанкер и го одбранија од нападите упатени од актерката, покажувајќи емпатија и поддршка, потенцирајќи дека ХИВ не се пренесува на тој начин, како и апелирајќи против предрасуди. Снимениот материјал беше искористен за продукција на краток видео-спот во кој клучните пораки за широката јавност беа искажани од самите случајни граѓани, што значително ја зголеми убедливост на пораката. Во видео-спотот учествуваа младите актери Бобан Кулески и Јанка Лефкова. Видео-материјалот од социјалниот експеримент стана достапен за медиумите во понеделник, 30-ти ноември 2015.

**Опфат на социјалните мрежи и ПР активности**. Видео-спотот постигна да биде вирално споделуван на социјалните мрежи и уште во првиот ден достигна огромна гледаност. Само на каналот Youtube, во првите 3 дена гледаноста надмина 35.000 гледања, што за нашата средина претставува значително висока бројка. Во голема мера ова се должеше на т.н. „органско“ ширење (за разлика од платено рекламирање), за кое придонесоа повеќе интернет-портали и јавни поддржувачи на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ. По споделувањето на Facebook за локалната публика, како и за публика во неколку избрани странски држави, видеото достигна повеќе од 400.000 онлајн прегледи во државата и пошироко. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ исто така имаше 5 гостувања на различни телевизии, при што покрај промоција на активностите беше емитуван и видео-спотот за намалување на стигмата и предрасудите.

**Добртоворна аукција**. Четврта година по ред ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во рамките на кампањата организира централен добротворен јавен настан преку кој се собираат скромни средства за поддршка на лица што живеат со ХИВ. Оваа година настанот беше во форма на тивка аукција на уметнички дела која се одржа на 1 декември во 20:00 часот во кафе-бар Концепт 37. Добротворната аукција беше овозможена со несебичната донација на сопствени уметнички дела од македонските уметници Симон Калајџиев, Иван Петрушевски – Флим, Нина Симовска, Мима Пејоска, Велимир Жерновски, Дороти Пачкова, Марјан Арсовски, Јадранка Митева Милчовска, Петар Петков и Снежана Ѓоргиевска.

Преку целата кампања беа **собрани 232.310,00 денари** за поддршка на лицата со ХИВ во Македонија и активностите на Здружението. Најголем дел од средствата беа собрани од самата аукцијата на уметнички дела (127.900,00 денари), а потоа од директни донаци од индивидуални поддржувачи, граѓани и фирми (78.000,00 денари) и од добротворен прилог (26.410,00 денари). ЗАЕДНО ПОСИЛНИ ги користи собраните средства за помош на лица со ХИВ кои живеат во неповолни социјални услови во насока на олеснување на пристапот до терапија и лекување, доделување скромна помош во прехранбени и хигиенски производи, како и покривање на итни здравствени потреби за кое било лице со ХИВ. Дел од средствата Здружението ќе пренасочи за одржување на своите основни активностите за психосоцијална поддршка, застапување и подигнување на јавната свесност.

На настанот беа доделени благодарници на голем број поддржувачи на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и кампањите од оваа и минатата година.

Овогодинешната кампања беше овозможена со скромни средства од УНФПА и Меѓународната федерација за планирано родителство (вкупен буџет 3400 евра). Најголем дел од работата беше извшрен на волонтерска основа од страна на членови на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и други блиски поддржувачи. Во активностите волонтерски беа вклучени 8 члена на Здружението. Кампањата беше поддржана од Претседателот на Република Македонија г-дин Ѓорге Иванов, Министерството за здравство, амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, г-дин Ваутер Пломп и постојаниот координатор на Обединетите нации во Македонија, г-а Луиза Винтон.

## Вклученост на членовите и управување на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

Во текот на 2015 година се одржаа и 4 работни групи за конкретни активности, 5 состанока на работната група за организирање на годишна кампања за подигнување на јавната свесност и прибирање на средства, како и 3 средби на Управниот одбор на здружението.

Во последното тромесечје од годината беше одржано и годишно собрание на Здружението, на кое беа разгледувани и усвојувани годишниот извештај за работата и годишниот финансиски извештај за 2014 година, беа усвоени измени на Статутот и направен избор на членови на органите на Здружението.

## About Stronger Together

Stronger Together is an organization of the community of people living with HIV in Macedonia and their close supporters. It is the only association in the Republic of Macedonia whose target group, beneficiaries and main consitutuency are people living with HIV.

### Vision

Stronger Together is guided by the vision for a society in which people living with HIV lead lives of dignity and fulfillment, free from the pressure of stigma and discrimination and in which they have a secured access to comprehensive healthcare, treatment and medicines in relation to HIV, as well as in relation to other health conditions, in accordance with the most recent developments in science.

### Mission

Stronger Together acts for the strengthening of people living with HIV as equal members of society, for the protection of their dignity and respecting their health and human rights. In particular, it acts for ensuring continuous access to contemporary antiretroviral therapy and comprehensive treatment of HIV infection, and of conditions associated or not with HIV, in accordance with the most recent developments in science.

### Our activities

Stronger Together provides psychosocial, peer, legal and other types of support for people living with HIV in Macedonia. As an organization we make active contribution in the creation and implementation of public policies related to the provision of quality and contemporary therapy for HIV, better healthcare and HIV prevention, as well as policies related to public health and health protection in general. In particular, we advocate for an improved access to life-saving medicines in the Republic of Macedonia. We work towards increasing public awareness about HIV and voluntary HIV testing and counseling, and towards reducing prejudice and discrimination on the basis of health status. We offer trainings and education about HIV for professionals in different areas:

trainings for healthcare workers, for company employees, trainings about prevention etc.

In the realization of its mission, Stronger Together builds partnerships with civil society, institutions, municipalities and the private sector.

## Summary of key achievements in 2015

Stronger Together, Association for Support of People living with HIV continued its work throughout 2015 in the three basic areas:

(1) Services and capacity building
- Support and strengthening of the community of people living with HIV
- HIV testing services
- Education of healthcare professionals

(2) Advocacy and contribution to public policy making

(3) Awareness raising

Compared to 2014, a new area of activities that we added to our work were community based HIV testing services targeting key affected groups, which was done through a partnership with the national voluntary counseling and testing program that is run by HERA – Health Education and Research Association in collaboration with the Institute of Public Health and the Ministry of Health of the Republic of Macedonia.

### 1. SERVICES FOR SUPPORT, HIV TESTING AND CAPACITY BUILDING

#### Support and strengthening of the community of people living with HIV

- We delivered **a total of 38 peer counseling services**;
- **18 clients used our peer counseling service**, of whom **11** were **new clients** compared to 2014;
- 5 peer support groups were held and 3 workshops for the members of Stronger Together, including a one-day workshop with Dr. Mike Youle from Royal Free Hospital in London covering the topics of maintaining good health in people with HIV and avoiding risks of resistance to ARVs;
- One-day seminar on improving communication skills and the team building for the members of Stronger Together (19-20 September, Krushevo);
- Within our legl support service 5 cases of discrimination and rights violation were monitored and acted upon during the year;
- **Social support vouchers** were granted on regular monthly basis to **17 people with HIV** living in difficult economic circumstances. In addition, for the most disadvantaged

patients we covered the travel costs to Skopje and the Clinic for Infectious Diseases for regular check-ups and collecting ARVs. A one-off financial support was granted to one person as an alleviation of social risk and lack of basic resources.

**Voluntary counseling and testing for HIV.** Stronger Together began offering HIV testing services at the beginning of March by joining the outreach VCT program with once weekly with our own counselors and client recruiters. Starting from November we also offered HIV testing and counseling in our own center twice weekly.

- **21 outreach shifts** were conducted, of which 6 were double, **and 9 shifts in our checkpoint service**;
- We reached a total of **143 clients** in the outreach program and **26 clients** in the checkpoint service, mainly belonging to key affected populations – men who have sex with men and sex workers.

An added value of our HIV testing service is the opoportunity for direct linkage to our peer support service in cases of confirmed HIV diagnosis.

**Education of healthcare professionals.** One sensitization training for nurses was held on 11-12 December focusing on the topic 'HIV infection today: prevention, professional risk, prophylaxis and treatment'. The training was attended by 18 participants from 14 public and private healthcare institutions.

## 2. ADVOCACY AND CONTRIBUTION TO PUBLIC POLICY MAKING

- Throughout the year we sent **8 official letters to different institutions**
- We published one press release
- We conducted **7 direct meetings with decision makers**
- We participated in **more than 13 working meetings** of various committess, bodies and working groups within the national response to HIV, **one media conference** and **one public hearing in the Parliamentary Commission on Health in the National Assembly of the Republic of Macedonia**
- We published **one edition of our bulletin *Access to Medicines – a community report***, which makes a critical overview of National HIV Program for 2015, emphasizing the challenges in relation to the allocation of funds for antiretroviral treatment for 2015 considering the rising number of new HIV cases.

We achieved results and made an impact/contribution in the following specific areas:

(1) the annual procurement of ARVs by the University Clinic for Infectious Diseases and the overcoming of a problematic situation;
(2) maintaining continuity in the regular performing of monitoring tests;
(3) introducing new laboratory procedures in the medical care for people with HIV in order to enable to introduce new medicines (i.e. abacavir);
(4) the HIV program review conducted by an expert team from the WHO European Office;

(5) the implementation of the Optima allocative efficiency analysis by World Bank and UNDP in collaboration with the Macedonian Ministry of Health;
(6) the planning of the National HIV Program for 2016, succeeding to introduce specific activities targeting key populations to be implemented by civil society organizations;
(7) raising the issue about post Global Fund sustainability of HIV programs to a higher in the public perception and the Parliament;
(8) the drafting of the first HIV strategy of the City of Skopje.

Upon an official request to the Sector for Prevention of the Ministry of Health, a third double dose of HBV vaccines were provided to the Clinic for 50 patients who had started the immunization against HBV in 2014.

### Knowledge, attitudes and practices (KAP) survey about HIV among healthcare professionals

Stronger Together conducted a KAP survey about HIV among mid-level medical workers in public and private secondary and tertiary health institutions. 350 respondents from 13 different institutions completed the questionnaire. The survey showed high level of stigma and a significant lack of correct nformation about the modes of transmission, the risk of professional exposure to HIV and the availability of procedures about post-exposure prophylaxis for medical workers. The findings point to the need for more education of mid-level medical personnel and specific sensitization for working with people with HIV and key affected populations. The survey also provided guidance for future program planning related to education and awareness raising of healthcare professionals.

## 3. PUBLIC AWARENESS RAISING ACTIVITIES

In 2105 Stronger Together conducted a World AIDS Day campaign targeting the general public under the title *We are all part of the change*. The Campaign consisted of the following products:

- a social experiment and a production of a short video for a viral dissemination
- targeted activities on the social media
- a charity event – silent auction of art works
- PR activities on the traditional media.

The campaign had a particularly wide reach on the social media thanks to the viral sharing of the short video as the main product of the campaign. In addition to the awareness raising elements, Stronger Together organized for the fourth time a fund-raising event for the support of people living with HIV, inparticular those who are most socially disadvantaged. The following are some of the more important outcomes of the campaign:

- The **campaign video** reached more than **35,000 views on Youtube** already in the first 3 days, while the number of views on Facebook (in Macedonia and abroad) went **beyond 400,000** throughout the campaign;

- **10 Macedonian painters donated their works for the charity auction**: Simon Kalajdzhiev, Ivan Petrushevski Flim, Nina Simovska, Mima Pejoska, Velimir Zhernovski, Doroti Pachkova, Marjan Arsovski, Jadranka Miteva Milchovska, Petar Petkov and Snezhana Gjorgievska;

- The fund-raising event resulted in **232,310 Macedonian denars** for the support of people living with HIV in Macedonia and the activities of Stronger Together.

The campaign was made possible thanks to modest funds for the logistics granted by UNFPA and the International Planned Parenthood Federation thorugh HERA – Health Education and Research Association.